**Одлука бр.2**

Управниот одбор на Тениска Федерација на Северна Македонија на електронска седница одржана на 19.12.2023 година, ја донесе следната:

**О Д Л У К А**

**за определување на висината на котизацијата за организација и учество на турнири од Календарот на ТФСМ и календарите на ТЕ и ИТФ во 2024 година**

**I. Котизации кои ги плаќаат тениските клубови кон ТФСМ**

**Член 1**

1. **Котизацијата за организација на Отворени првенства и Државните првенства во категориите до 12, 14, 16 и до 18 години, изнесува :**
   - За турнири од летниот календар 9.000,00 денари +300 денари по учесник во поединечна конкуренција и по 300 денари за пријавен тим во двојки.

2. **Котизацијата за организација на Отворени првенства и Државните првенства во категорија Мажи и жени изнесува:**
   а. Котизацијата за организација на турнирите/првенствата од календарот на ТФСМ во категорија а. Мажи и Жени со награден фонд **до 61.500,00 денари (нето) изнесува**:
      - За турнири од летниот календар 9.000,00 денари +300 денари по учесник во поединечна конкуренција.

   б. Котизацијата за организација на турнирите/првенствата од календарот на ТФСМ во категорија Мажи и Жени со награден фонд **од 61.501,00 денари (нето) до 123.000,00 денари (нето)** изнесува:
      - За турнири од летниот календар 9.000,00 денари + 300 денари по учесник во поединечна конкуренција.

   в. Котизацијата за организација на турнирите/првенствата од календарот на ТФСМ во категорија Мажи и Жени со награден фонд **над 123.001,00 денари (нето)** изнесува изнесува:
      - За турнири од летниот календар 9.000,00 денари + 400 денари по учесник во поединечна конкуренција и по 300 денари за пријавен тим во двојки.

3. **Котизацијата за организација на Отворени првенства и Државните првенства во категорија Ветерани изнесува:**
   - За турнири од летниот календар 9.000,00 денари + 300 денари по учесник во поединечна конкуренција и по 300 денари за пријавен тим во двојки.

4. Котизацијата за учество на екипа на тениски клуб во **Прва македонска лига изнесува 6.000,00 денари**.

5. Котизацијата за учество на екипа на тениски клуб во **Ветеранска лига изнесува 4.000,00 денари**.

6. Доколку на Отворени првенства во сите категории и конкуренции и Државни првенства учествуваат помалку од 25 учесници, Клубот организатор ќе плати 50% од предвидената котизација.

**Член 2**

Тениските клубови кои се организатори на турнирите/првенствата согласно календарот на ТФСМ должни се да ја уплатат котизацијата на сметката на ТФСМ наредниот ден по завршувањето на турнирот/првенството.

**Член 3**

Тениските клубови кои се пријавиле за учество во Прва Македонска лига или Ветеранска лига согласно календарот на ТФСМ должни се да ја уплатат котизацијата на сметката на ТФСМ најдоцна 3 дена пред одржувањето на натпреварите.

**Член 4**

ТФСМ за сите турнири, првенства и натпревари назначува делегат/врховен судија. ТФСМ врши исплата на делагатите/врховните судии согласно одлуката донесена од Управниот одбор на ТФСМ.

**III. Котизации за организација на меѓународни турнири од Календарите на; ТЕ, ИТФ, АТП и ВТА**

**Член 7**

Котизацијата за организација на меѓународни турнири од ТЕ Календарот во категориите 12, 14 и 16 години изнесува 350 евра за Теннис Европа (во денарска спроти вредност на денот на фактурирање) и 6.000,00 денари.

- Котизацијата за организација на меѓународни турнири од ИТФ Календарот во категории до 18 години изнесува 6.000,00 денари. Тениските клубови организатори на меѓународни турнири од ИТФ Календарот ја плаќаат и котизацијатита кон ИТФ определена од нивна страна преку ТФСМ.
- Котизацијата за организација на меѓународни турнири од ТЕ Календарот во категории Ветерани изнесува 6.000,00 денари. Тениските клубови организатори на меѓународни турнири од ТЕ Календарот за Ветерани ја плаќаат и котизацијатита кон ТЕ определена од нивна страна преку ТФСМ.
- Котизацијата за организација на професионални турнири од ИТФ, АТП и ВТА изнесува 10.000,00 денари. Тениските клубови организатори на професионални турнири од ИТФ, АТП и ВТА ја плаќаат и котизацијатита кон ИТФ, АТП и ВТА определена од нивна страна преку ТФСМ.
- Во случај **на откажување на организација** на меѓународни турнири или професионален турнир, клубот кој аплицирал за организација на истиот ја плаќа и казната која ќе ја одредат ТЕ, ИТФ, АТП или ВТА преку ТФСМ, а истата се движи **од 2000 до 5000 американски долари.**

**III. Котизации кои ги плаќаат натпреварувачите кон тенискиот клуб организатор на турнирот**

**Член 8**

1. Котизацијата за учество на секој натпреварувач на турнирите/првенствата од календарот на ТФСМ во категории 12,14,16 и 18 години изнесува:
    - За турнири од летниот календар поединечно изнесува 1.000,00 денари а
    - за турнири од летниот календар за двојки изнесува 1.000,00 денари од тим.
2. Котизацијата за учество на секој натпреварувач на турнирите/првенствата од календарот на ТФСМ **во категорија Мажи и Жени изнесува:**

- **со награден фонд до 61.500,00 денари (нето) изнесува:**
    - За турнири од летниот календар до 1.000,00 денари.
- **со награден фонд од 61.501,00 денари (нето) до 123.000,00 денари (нето) изнесува:**
    - За турнири од летниот календар до 1.300,00 денари.
- **со награден фонд над 123.001,00 денари (нето) изнесува:**
    - За турнири од летниот календар до 1.600,00 денари.

3. Котизацијата за учество на секој натпреварувач на турнирите/првенствата од календарот на ТФСМ во **категорија Ветерани изнесува:**
    - За поединечна конкуренција за турнири од летниот календар по 1.000,00 денари.
    - За турнири од летниот календар за двојки изнесува 1.000,00 денари од тим.

**Член 9**

Натпреварувачите кои се пријавиле за учество на турнирите согласно календарот на ТФСМ должни се да ја уплатат котизацијата на клубот организатор пред почетокот на турнирот.

Во случај играчот да не се појави на натпреварот, а истиот е пријавен за турнирот, извлечен е на ждребка и ставе на распоредот на играње, должен е на клубот организатор да му ја плати Пријавнината во цел износ, а ако истиот не го направи тоа обврската за плаќање паѓа на Клубот кој го пријавил играчот.

**Член 10**

Оваа одлука стапува во сила на денот на нејзиното донесување и се однесува за натпреварите организирани во 2024 година.

Тениска Федерација на Северна Македонија
Претседател на Управниот Одбор
Александар Ивановски

Скопје, 19.12.2023 година